Ѓорги Поп-Атанасов

МАКЕДОНСКАТА ГЛАГОЛИЦА



МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

Ѓорги Поп-Атанасов

МАКЕДОНСКАТА ГЛАГОЛИЦА

Македонска академија на науките и уметностите
Скопје 2015

МАКЕДОНСКАТА ГЛАГОЛИЦА – ЕТИКА И ЕСТЕТИКА НА АЗБУКАТА

Кон средината на деветтиот век, се создале општествени, политички, научни и други услови за појава на посебно *писмо/азбука* на старите словенски/славјански народи во Европа. Се истакнуваат најмалку две клучни цели за да се преземат неопходните стратешки и технички мерки за создавање на посебно писмо наменето за старите Словени ('стари' во смисла на ендопи, на домородни, тукашни, древни, затекнати народи?), вклучително и на македонските, кои ги населувале просторите на јужна, Егејска Македонија, дел од Источното Римско Царство (Византија), кое се соочувало со флагрантното постоење на народен јазик различен од службениот 'византиско-грчки' коине.

Прва цел била да се приобштат светите христијански писма на јазикот на словенските/славјанските народи, вклучително и на јазикот на македонските Словени (Славјано-Македонците), изведен е големиот цивилизациски исчекор препознаен како создавање на првото познато словенско писмо (азбука), создавањето на *глаголицата*.[1] За

[1] Зборот *глаголица* доаѓа од старословенскиот збор глагол/и, односно збор, зборува, со значење на кажува, говори, вели, изрекува, денес е глагол кој најчесто се употребува како именка, додека во архаично стилизираните искази се користи и како 'глагол' – се вели 'глаголи', 'глаголење', на пример, за зборување кое е шепотно, нежно, убаво, учтиво, промислено, продуховено. Воедно, тоа е и називот/името на буквата Г во глаголицата.

превод на *Светото писмо* било неопходно 'свето писмо', еден графемски, симболичен и нумерички систем, АЗБУКА ('Буквица') која ќе ги склопи во совршен склад гласовите (фонеми), нацртот на гласовите (графеми), сликите на стварите, значењскиот набој, универзалните симболи, геометриските праоблици (круг; полукруг; триаголник, квадрат; крст), бројчената (нумеролошка) вредност на буквите/знаците, тајното архивирано паметење, како и ритуалното употребување на буквите и на нивните називи. Затоа, глаголицата може да се смета за осмислен семиотички систем устроен со намера да соодветствува на потребите за превод на светите писма на јазикот на 'старите' Словени во Европа, на потребите за ширење на христијанската догма. Поради тоа, глаголичката писменост и култура се доведува, често, во врска со христијанското мисионерство и со облиците на владеење втемелени врз христијанската вера, било да биле својствени на Западното Римско Царство и Ватикан, или на Источното Римско Царство (Византија) и Константинопол. Како придобивка на постпаганската ера и цивилизација, глаголицата го сугерира, со некои слова, христијанскиот наратив (Крстот, Граалот, чашата/путирот, Исусовото слово), иако нејзините иконични знаци, грами, графеми и идеограми, сугерираат универзални знаења и начела, некои архетипски обрасци на постоење, актуализирајќи ги со и во словата на глаголицата. Затоа може да се смета за архив во којшто се сочувани траги од повеќе цивилизации, чијшто златен пресек е идејата за божественоиот, човечкиот и вселенскиот Закон.

Ако е точно дека глаголицата ('глаголитица') била наменета да врши не толку профана, дневно-прагматична, колку една виша теозофска, симболична, естетска и цивилизациска функција, тогаш е јасно дека глаголицата има нагласена

етичка димензија. Творецот на глаголицата бил во потрага по таков систем на знаци кој ќе го вкрсти етичкото со естетското начело. И навистина, глаголицата нè потсетува на сознанието дека не постојат величествени цивилизациски Дела без влогот на верата во моќта на Делото, што значи без метафизичката поткрепа на магиското начело. Можеби затоа изрекувањето на глаголичките букви преведени во зборови (поими, слова) даваат една поврзана целина, синтаксa која содржи, во својот внатрешен облик, мудра мисла, промислен наум, би рекла дури и дискретна магиска формула. Имено, не би требало да заборавиме дека старите народи верувале дека Зборовите ги пресоздаваат нештата, дека изреченият Јазик е преобразен свет, свет кој едновремено ја таи врската со стварноста, но и го следи својот внатрешен порив да биде човечки говор. Особените, творбени, сакрални, мистични, пророчки, провиденициски (визионерски) и (книжевно) уметнички употреби на јазикот ја посведочуваат неговата моќ да биде светотворен, делотворен, духотворен, лечебен, да ги води душите од незнаење кон знаење, од темните подруми на несвеста кон светлите предели на свеста, од примитивност кон просветленост.[2]

Втората цел била поврзана со неодложната потреба (веројатно и желба) да се створи посебна азбука усогласена со говорните својства на јазикот на старите Словени. Имено, старословенскиот или јазикот на старите Словени (за којшто постојат пишани информации и споменици веќе од седмиот век), имал свој посебен идентитет и бил високоразвиен знаковен, комуникациски и информативен систем

[2] Според неколку слависти, Лидија Крапенко од Русија, Славомир Самбуњак и Марица Чунчиќ од Хрватска, како и според македонскиот истражувач на глаголицата, поетот Милош Линдро (2013), во глаголицата „се енкодирани некои тајни, скриени значења и пораки".

на букви и на говорни обрасци. Старите словенски народи користеле туѓи инородни писма за искажување на својата јазична култура. Но, туѓите писма немале моќ да ги изразат сите говорни специфики на старословенскиот јазик и на старите Словени. Постоеле и посебни гласови на коишто им биле неопходни посебни букви (знаци, графеми). Кон сето тоа се надоврзал и посебниот пиетет кон народниот јазик кој бил клучен за искажување на човечките чувства, мисли/думи и визии, за изразување на моралните, космолошките и мистичните сфаќања, за пренос на наследените знаења, обичаи и преданија, за кажување молитви и бајачки, за развој на силниот творечки набој карактеристичен за старите Словени, на индивидуално и на колективно рамниште. Било време да се канализира владејачката јазична и културна политика на Византиската и на Римската Империја, но и на црковниот врв, за да се излезе во пресрет на созреаните јазични/културни потреби, а со тоа и да се постигнат двете основни цели при создавањето на глаголицата.

Настанатa во „грчко-византиска културна средина", глаголицата претставува моќне автентична и „сложена структура, како со оглед на нејзината семантичка страна богата со христијанска симболика, така и од палеографска и лингвистичка гледна точка" (Петар Хр. Илиевски, 2006, 146).[3] Колку и да се надоврзува или да се доближува до некои други писма (грчкото, латинското, руничко), глаголицата е свесно создадена со цел да ги означи графички посебните словенски гласови (ги има 14 диференцијални словенски гласови и графеми). Глаголицата е автохтон буквен знаковен систем кој содржи идеограми и пиктограми кои ја пра-

[3] Петар Хр. Илиевски, *Појава и развој на јазмото, со посебен осврт кон почетоците на словенската јазменост* (Скопје, МАНУ, 2006, второ ревидирано издание).

вете податлива за сакралната комуникација и семиотика, за христијанската религија и теозофија, како и за мистичната мисла и метафизичкиот ум устремен кон нечујните и едвај чујните (неми) сфери. Устројството (семиозис) на глаголицата е синтеза од грами/графеми/идеограми, слова/букви, иконични знаци, нумерички буквеноцифрени величини, астролошки, теозофски, мистични симболи со извонредни естетски и етички одлики. Тоа допушта за глаголицата да се каже дека има (и) космографска димензија, дека е симболичен приказ на космички констелации или конфигурации, кои се едновремено и мера за човечките и натчовечките доблести, отслик на суштинската condition humaine.

Називите на буквите на глаголицата се „чисто словенски зборови" (Илиевски, 147), а бидејќи имаат мнемотехнички својства, наредени во азбучниот систем формираат синтаксички целини или сентенции со едукативна и религиозна содржина, така што можат да се изговораат и како една надредена целост ('молитва'). Не случајно, во современиот македонски јазик зборот 'слово' ги има сочувано двете значења: на буква и на збор (назив, име). Јазикот памти, ние сеуште не умееме да ја прочитаме неговата меморија, забораваме како луѓе, а институциите и науката недоволно ни потсетуваат.

Ако се има предвид величината на задачата што ја добиле Константин – Кирил Филозофот – (827-869) и неговиот брат Методија (826-885) да осмислат и да создадат азбучен систем за Словените, ќе биде јасно зошто светите браќа биле обземени со таква восхит, страст и стравопочит спрема глаголичното писмо, зошто го третирале како устројство од највиок ред, зошто биле повикани да ја спроведат Моравската мисија, зошто се канонизирани (од Православната и од Католичката црква) за светци и

рамноапостоли, речиси дванаесет столетија по нивното упокојување, прогласени за покровители / копатрони на Европа (со посланието „Egregiae Virtutis“ на папата Јован Павле II, од 30 декември 1980 година).

Творецот на глаголицата ја познавал традицијата на линеарните фонетски писма, но и на идеографските писма, еднакво како што познавал доволно различни јазици за да може да ги прикаже функционално специфичните старословенски гласови во соодветни графеми. Затоа глаголицата е фонетско писмо кое кореспондира делумно со некои елементи на еврејското, феникијското, коптското и старогрчкото, но исто така ги смислува оригиналните глаголички/словенски знаци, правејќи ги ликовно-иконично речити и впечатливи. Впрочем, Константин Филозофот (св. Кирил) бил полиглот, упатен во граматиката на многу јазици (старословенски, грчки, латински, еврејски, сириски, персиски, арапски, хазарски, алански, германски). Судејќи според неговото образование заокружено во најдобрите школи на Константинопол (филозофија, музика, реторика, астрономија, аритметика, теозофија), Константин Филозофот (св. Кирил) бил извонредно решение за создавање на старословенската глаголица, а заедно со братот Методиј, и за нејзиното ставање во служба на описменување, покрстување и систематско (институционално) користење за превод на светите писма и за оригинално книжевно творештво (и тој самиот имал поетска дарба и создавал свои творби). Притоа, остава посебен впечаток податокот дека создавањето на глаголицата се поврзува со Моравската мисија која вршела стратешки важни, приоритетни државни и црковни цели (описменување и покрстување на Словените од Моравија), што подразбира дека тие цели (описменување, покрстување) или немале иста важност

за Јужните Словени од југот на Балканот или веќе биле остварени, па на преден план се истакнала потребата од стабилизација на глаголичката писменост.

Официјалната лингвистичка, филолошка и историска наука ги смета светите браќа Кирил и Методиј за творци на глаголицата, азбуката на славјанските народи, што значи дека официјално глаголицата се смета за најстара словенска азбука (која ѝ претходи на кирилицата).[4] Во прилог на овој податок одат, меѓу другото, палимпсестните ракописи на коишто во долниот, постар слој се пишувани текстови на глаголица, а во горниот, поновиот, на кирилица. Пред автохтоното глаголичино писмо, Словените, во рамки на различни државни политички околности, користеле туѓи писма, старогрчкиот алфабет/алфавит и латиничната абецеда. Подоцна, словенските народи, во таа смисла и македонскиот, располагале со два автохтони азбучни системи, глаголицата и кирилицата (во црковната старословенска варијанта и, подоцна, во одделните национални варијанти). Овде треба, сосема бегло, да се каже и тоа дека постојат и поинакви, независни мислења на бројни автори, според коишто глаголицата е создадена порано, според едни за време на покрстувањето на Хрватите, во седмиот век по Христа (околу 640 година), а според други, порадикални датирања, уште во четвртиот век по Христа, за потребите на најраното покрстување на паганите на балканското медитеранско крајбрежје, населено со Словени (наводно е создадена од св. Јероним). Во таа смисла треба да се споредат различните мислења и наводи што ги даваат автори како словачкиот и чешки славист Павел Јозеф Шафарик

[4] Според Л.П. Якубински, кирилицата е создадена врз предлошката на глаголицата. Л.П. Якубинский, А. А. Леонтьев, *Избранные работы: язык и его функционирование*, Академия Наук СССР, Наука 1986.

(„Историја на словенскиот јазик и литература на сите наречја“, 1827),[5] А. М. Селишчев (А. М. Селищев, «Старославянский язык», 1-й том, 1951, с. 72), Л.П. Жуковская (1963, 1964), Владимир Мошин, група слависти во Зборникот на МАНУ Светите Климент и Наум Охридски (1995), во Зборникот на БАН *Кирило-Методиевски студии*, книга 8, Софија, 1991, Клемент Грубишич (Clemens Grubisich, *In originem et historiam alphabeti Slavonici Glagolitici, vulgo Hieronymiani disquisition*, 1766), Глод Дуре (Glaude Duret, 1613), Рафаел Ленакович (Raphael Lenakovich, «De litteris antiquorum Illyriorum», 1640), Вилхелм Постел (Wilhelm Postel, псевдоним Elias Pandocheus, «Linguarum XXII characteribus difierentium alphabetwn», 1538), и др.[6]

До сега пронајдените историски споменици, пишани документи и артефакти со глаголично писмо, потекнуваат, главно, од западните делови на Балканот (западните делови на современите држави Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија), а не од источните (Бугарија, Србија).[7] Има логика да се верува во тврдењето дека неколкувековната традиција на глаголицата (од IX до почетокот на XIII век) се негувала, главно, на територииите кои биле под влијание на Западен Рим и Ватикан, односно

---

[5] *Geschichte der slawischen Sprache und Literatur nach allen Mundarten* (1826, Pest). „О пореклу Словена“, 1823, српски превод Нови Сад 1998.

[6] Да се види книгата *Историја в неизвращенном виде - Сборник статей* (Берлин 2003, 150) на Сергеј Парамонов, познат под псевдонимот Лесној (Сергей Яковлевич Парамонов - Лесной, 1898 - 1968), посебно есејот „Происхождение глаголицы (буквицы)“. Исто и „Древние памятники русского письма и языка“ на И. И. Срезневский, СПб., 1882.

[7] Веројатно затоа Црноризец Храбар, во трактатот „За буквите“ (од крајот на IX век, веројатно првобитно напишан на глаголица), не ја спомнува глаголицата, а зборува само за едно писмо составено од „црти и рески“, за коишто постојат бројни толкувања – иконични и идеографски знаци, нацрти, слики...

меѓу народите кај коишто подолго време опстанала идејата за неподелената унијатска христијанска црква.[8]

Глаголицата во Македонија се користела најмалку четири века (од IX до крајот на XIII век)[9] и се поврзува со Охридската книжевна школа и нејзините центри и следбеници во Македонија, независно на која државна структура (империја, царство) таа ѝ припаѓала. Оригиналите на македонските глаголични ракописи се чуваат надвор од Македонија, во С. Петербург, Москва, во библиотеката на Синајскиот манастир, Одеса, Инсбрук, Виена, Ватикан. Тука спаѓаат: Асемановото, Зографското и Мариинското евангелие, Синајскиот псалтир, Хлудовскиот, Зографскиот и Лантовиот палимпсест, Охридските и Рилските глаголички листови, Клоцовиот зборник...). Ако се суди според пронајдените и зачувани глаголични ракописи од македонско потекло, глаголицата се користела најпрвин единствено, потем доминантно, на подрачјето на Р. Македонија, како и на поширокото етногеографско македонско подрачје, во повеќе книжевни центри на Охридската книжевна школа. Во зачуваните 16 (шеснаесет) ракописи од македонско потекло преовладува *македонската обла глаголица*, а не аглестата, која е покарактеристична за хрватската глаголичка традиција.[10] Одделните букви на македонската обла глаголица варираат во некои подробности, со оглед на фактот дека текстовите биле пишувани своерачно и го носат личниот печат и стил на пишувачот (преведувач, писател, препишувач). Сепак, и покрај некои

---

[8] Дел од глаголичните букви се преземени, вградени и сочувани до денес во азбуката на Македонците, Русите, Бугарите (на пр., буквите Ч и Ш, 28-та и 29-та буква).

[9] На интернет-порталите фигурираат и податоци според коишто глаголицата, како универзитетска македонска азбука, се употребувала од VII до XII век.

[10] Во досегашната практика облата глаголица понекогаш ја нарекуваат и 'бугарска'.

дребни разлики, се препознава системот на македонската обла глаголица.

По откривањето и проучувањето на глаголичките ракописи од македонските книжевни центри, по развојот на македонската палеославистика, по објавувањето на студијата на академик Петар Хр. Илиевски *Појава и развој на писмото* (2006), како и студии на познати македонски научници (акад. Ѓорѓи Поп Атанасов, членот на МАНУ во надворешен состав Зденка Рибарова, проф. Рада Угринова-Скаловска, проф. Илија Велев, д-р Вангелија Десподова, Емилија Црвенковска), беше редно да се приреди и едно научно популарно издание на глаголицата потекната од книжевните центри на подрачјето на современа Р. Македонија и етничко-географското подрачје познато како Македонија. Крајно време е да се прикажат особеностите на глаголицата од македонско потекло за поширокага читателска и културна јавност, воедно и да се преземат неопходните чекори за да се стандардизира и да се заштити *македонскаша обла ѓлаголица* како културно/духовно наследство од прв ред. Кон тоа би се надоврзало обликувањето на специфичниот, автентичен фонт на македонската обла глаголица, кој би се промовирал на интернет-мрежата и би се користел за научни, образовни, креативни и други културни потреби.

Нација која претендира на цивилизациска посебност и развиеност треба да умее да го усвои и да го заштити наследеното духовно богатство, а древната словенска писменост, во тој контекст писмата како глаголицата и македонската глаголица, старословенската кирилица и македонската црковнословенска кирилица се од непроценливо значење за нашата културна историја, со што стануваат битни и за нашата современа култура. Оти културата има моќ да ги вградува во својот архив старите културни, јазични и пис-

мени матрици, а еднаш вградени во културниот систем, тие постојат и чекаат поволен општествен миг за да се реафирмираат, за да оживеат во современиот свет и меѓу современиците. Знаењето е обврска, морален долг и можност за ширење на духовноста на еден народ, а преку него и на една цивилизација.

Поради сето ова, поведов иницијатива за популаризација на македонската глаголица преку проектот покренат од канцеларијата на потпретседателот на Меѓународниот ПЕН („Поетики"). Книгата на академик Ѓорѓи Поп-Атанасов ќе биде објавена, освен во печатена форма, и како електронска публикација на страниците на „Разноликост" www.diversity.org.mk. Тоа е само почеток на еден поголем зафат за преродба на свеста за културно-историската улога што ја има извршено глаголицата во развојот на македонската и на севкупната словенска цивилизација, како водечка европска цивилизација во текот на повеќе векови.

академик Катица Ќулавкова
Скопје, мај 2015

ЗА МАКЕДОНСКАТА ГЛАГОЛИЦА

Глаголицата е првото словенско писмо составено од св. Константин-Кирил Филозоф пред заминувањето во Моравската мисија во 863 год. Писмото е составено врз основа на гласовниот систем на македонскиот дијалектен говор од Солунскиот крај, врз чијашто основа светите Кирил и Методиј формирале општословенски книжевен јазик. Со тоа прво словенско писмо биле напишани првите словенски книги, кои биле неопходни за успешна реализација на црковно-просветната дејност на словенските првоучители за време на нивната мисија во Велика Моравија. Овие први словенски книги, напишани со глаголичко писмо, содржеле библиски текстови од составот на *Стариот* и *Новиот завет*, како и текстови од најнеопходните богослужбени книги, кои се користеле за време на црковните богослужби.

По смртта на св. Методиј (6 април 885) и неуспешниот крај на Моравската мисија (863-885),

учениците на свеетите браќа Кирил и Методиј биле протерани од Велика Моравија. Дел од нив, по различни патишта, дошле на јужнословенски терен – на територија која во тоа време се наоѓала во состав на средновековната бугарска држава. Меѓу овие Кирилометодиевски ученици биле и светите Климент, Наум и Ангеларије, кои кон крајот на 885 год. дошле во бугарската престолнина Плиска, во време кога со средновековна Бугарија управувал кнезот Борис Први.

По пристигнувањето во бугарската престолнина, кирилометодиевските ученици поради жестокиот прогон од страна на латинското духовенство биле принудени да ја напуштат Велика Моравија, одново се нашле во непријателска средина. Основана во 870 год., бугарската црква била управувана од византиска црковна хиерархија на чело со архиепископ Византиец, а во бугарските црковни храмови се богослужело и се проповедало на византиско-грчки јазик, така што на новопристигнатите Кирилометодиеви ученици не им било дозволено да изведуваат богослужение на словенски јазик, ниту да проповедаат на словенски јазик. Во тоа време, официјално писмо во бугарската држава, како во државната администрација, така и во црквата, било византиско-грчкото, поради што во бугарската престолнина немало еле-

ментарни услови да се негува и да се усовршува глаголичното писмо и словенската писмена традиција.

Најверојатно, соочен со ваквата ситуација, бугарскиот владетел бил принуден да ги оддалечи светите Климент и Наум[1] од бугарската престолнина и да ги испрати во еден од најоддалечените краеви на својата држава – во западниот дел на Македонија, каде што тие нашле добри услови за да го продолжат делото на светите браќа Кирил и Методиј.

Во Македонија св. Климент ја основал Охридската духовна и книжевна школа, во којашто било продолжено делото на словенските просветители: црковните книги биле пишувани со Кириловото глаголичко писмо, а во црковните храмови се богослужело и проповедало на словенски јазик. Светиклиментовата Охридска книжевна школа не само што станала најзначајниот центар на словенската писменост, туку и единствен центар во којшто во тие почетни години била продолжена кирилометодиевската писмена традиција. Од Охрид словенската писменост е проширена во повеќе балкански земји и во Киевска Русија.

Во Македонија, во книжевните центри на Охридската книжевна школа се оформил специфичен

[1] Св. Ангеларий, набргу по доаѓањето во Плиска, починал, а не е базирано на историски извори ни тврдењето дека првин во Македонија дошол св. Климент, кој Наум му се придружил подоцна, по неговата хиротонија во епископски чин.

тип на глаголичко писмо со заоблени палеографски нацрти на буквените знаци – т.н. *обла (тркалеста) глаголица*. Ова македонско глаголичко писмо ќе се употребува во нашата писмена традиција цели три века – во времето на св. Климент како единствено словенско писмо на територијата на Македонија, а подоцна ќе се употребува паралелно со кириличното, сè до почетокот на XIII в.

По XII в., глаголицата му го отстапува своето место на кириличното писмо. Глаголичките ракописи, главно, се користат како предлошки за пишување на кирилични ракописни книги, додека за богослужбени потреби нивната употреба е сосема ретка. По XII в., во активна употреба е само хрватската аглеста глаголица, која се користи за црковни и други потреби дури до XVIII-XIX в. Најстарите фрагменти од хрватски глаголички ракописи потекнуваат од почетокот на XII в. и претставуваат остатоци од глаголички ракописи препишани од македонски глаголички текстови. Глаголичкото писмо во нив сè уште ја чува својата заобленост и претставува преоден тип на хрватска глаголица – со обли и аглести елементи кај нацртите на буквените знаци. Такви фрагменти се *Гриковиќевиот апостол* (4 л.), *Виенските листови* (2 л.) и *Михановиќевите листови* (2 л.) – општо 6 листа. *Михановиќевите листови*, притоа, се откриени во подврзијата на *Иловичката крмчија* од 1262

под, којашто е пронајдена од Антун Михановиќ во Марковиот манастир крај Скопје и била дел од ракописната збирка на македонскиот преродбенски деец Карит Пејчиновиќ.

Од друга страна, скоро сите зачувани стари глаголички ракописи, настанати во периодот од X до крајот на XII в., се од македонско потекло. Само два фрагмента од ракописи – *Киевскиите листови* (7 л.) и *Празиите листови* (2 л.) се поврзуваат со книжевна дејност на чешко-моравска територија. Зачуваните ракописи, пак, пишувани со македонска глаголица во книжевни центри на Охридската книжевна школа се 16 и имаат општо 1300 листа (за нив види подетално во следното поглавје).

Буквените знаци на македонската глаголица имаат свои имиња, како што е и кај другите стари азбуки – феничанската и византиската. Притоа, за разлика од имињата на византиските буквени знаци, кои претставуваат варијанти на имињата на феничанските букви (алеф – алфа, бет – бета, гимел – гама итн.) и немаат сопствено значење, имињата на глаголичките буквени знаци се автентични и претставуваат реални зборови од лексичкиот фонд на старословенскиот јазик, во чијашто основа лежи македонски дијалектен говор.

Македонска глаголица	Називи на буквите	Старо-словенска кирилица	Македонска кирилица
ⰰ	Аз	Ѧ	А
ⰱ	Буки	Б	Б
ⰲ	Веди	В	В
ⰳ	Глаголи	Г	Г
ⰴ	Добро	Д	Д
ⰵ	Ест	Є	Е
ⰶ	Живете	Ж	Ж
ⰸ	Зело	Ꙁ	Ѕ
ⰷ	Земља	З	З
ⰺ	Иже	Ї	
ⰻ	И	Н	И
ⰻ́	Ѓерв		Ѓ
ⰽ	Како	К	К
ⰾ	Људие	Л	Л
ⰿ	Мислите	М	М
ⱀ	Наш	Ν	Н
ⱁ	Он	О	О
ⱂ	Покои	П	П
ⱃ	Р’ци	Р	Р
ⱄ	Слово	С	С
ⱅ	Тврдо	Т	Т

	Ук	ѺѸ	У
	Фрт	Ф	Ф
	Тита	ѳ	
	Хер	Х	Х
	От	Ѡ	
	Шта	Щ	
	Ци	Ц	Ц
	Чрв	Ч	Ч
	Ша	Ш	Ш
	Ер (голем)	Ъ	
	Ери	Ы	
	Ер (мал)	Ь	
	Јат	Ѣ	
	Јуже	Ю	
	Јус (мал)	Ѧ	
	Јус (голем)	Ѫ	
	Јус (мал јотиран)	Ꙗ	
	Јус (голем јотиран)	Ꙗ	
	Ижица	Ѵ	

ГЛАГОЛИЧКИ БУКВЕНИ ЗНАЦИ

АА

Прва буква во глаголичката азбука. Се именува Аз (јас – лична заменка за прво лице еднина). Во старословенските текстови со неа се означуваат гласот а и бројот 1. По форма личи на крст, на чијашто хоризонтална црта, во двата краја, се додадени вертикални цртички. Вертикалното стебло е формирано од две црти, кои се соединуваат во средниот дел на буквениот знак – таму каде што поминува средната хоризонтална црта. Стеблото, обично, е вертикално, но има и лесно наклонети надесно или налево палеографски нацрти на овој буквен знак. Неговите два дела, во повеќето македонски ракописи, се со иста должина. Само во македонските глаголички листови и во Синајскиот евхологиј има форми со пократок прв дел. Извесно разнообразие се забележува и кај вертикалните цртички на хоризонталниот дел од буквата; тие, најчесто, се кратки и се со иста должина, но се среќаваат и форми со подолга лева цртица (Асеманово евангелие), како и со две долги цртици, спуштени скоро до нивото на редот (Македонски глаголички листови).

Ѣ

Бѣ

Втора буква од составот на глаголичката азбука. Таа се наоѓа на второ место скоро во сите азбуки што водат потекло директно или индиректно од феничанското писмо. Во нашите стари писмени споменици, најчесто, се означува со името Буки и поретко со името Букви – две варијанти на ист збор со значење *буква, йисмо*. Освен гласот *б*, со овој знак во старословенските текстови се означува и бројот 2. Буквата е дводелна; горниот дел личи на буквениот знак **Ш** – составен е од три вертикални цртици, соединети во основата со други две црти, додека долниот дел е формиран од две црти – хоризонтална, којашто лежи во основата на редот, и вертикална, којашто ја поврзува хоризонталната црта со горниот дел на буквениот знак. Оваа соединувачка црта, најчесто, претставува продолжение на левата вертикална цртица од горниот дел на буквата, но има и случаи кога таа е лоцирана малку понадесно и излегува од левата основна црта или претставува продолжение на средната вертикална цртица на горниот дел на буквениот знак. Првата варијанта е постара, додека втората се појавува подоцна и се среќава во Охридските листови, Клоцовиот зборник, кај двајца од пишувачите на Синајскиот псалтир и во интерполираните листови на Зографското евангелие.

ѿ

ѣ В

Трета буква од составот на глаголицата. Се именува *веди* (вјадја – знам). Со неа, освен гласот *в*, се означува и бројот 3. Составена е од два котелца (кружчиња), коишто претставуваат горен дел од буквениот знак, и спојница, која ги поврзува двата котелца, спуштајќи се кон долниот дел на редот. Во македонските глаголички ракописи спојницата се среќава во различни форми и може да биде составена од една, две или три црти. Исто така и котелците можат да имаат различна форма и големина. Постарите палеографски варијанти се со помали котелци и со двосоставна или трисоставна спојница, додека поновите палеографски варијанти се со големи котелци, коишто го зафаќаат скоро целиот редов простор и се соединети со едноставна спојница, формирана од права или даговита црта. Иако е понов, овој нацрт на глаголичкото *в* преовладува во македонските глаголички ракописи, најверојатно, поради неговата едноставност. Изразито двокатна варијанта на овој буквен знак, којашто се смета за првобитна и најархаична, се среќава во Зографското евангелие и Клоцовиот зборник и во еден од деловите на Синајскиот псалтир.

ГГ

Четврта буква од составот на глаголичката азбука. Се именува *Глаг̄оли* односно *Глаг̄ол* (збор, слово). Освен гласот *г̄*, со неа се означува и бројот 4. Формирана е од два котелца (горен и долен), коишто се поврзуваат со спојница составена од две црти. Двете црти на спојницата тргнуваат од котелците и се соединуваат во својот долен дел. Во одделните ракописи тие имаат различна должина, а и големината на котелците не е иста, при што преовладуваат ракописите со поголем горен котелец. Големината на котелците варира и во одделните ракописи, така што има глаголички ракописи со изразито големи котелци, какво што е Асемановото евангелие, но и со ситни котелци, какви што се нацртите на оваа буква во повеќето од синајските глаголички ракописи.

ѳ

Д д

Петта буква од составот на глаголичката азбука. Се именува *Добро* (добро – прилог и среден род од придавката добар). Освен гласот *д*, со овој буквен знак во старословенските текстови се означува и бројот 5. Составена е од два котелца, коишто се поврзани со спојница во нивниот горен дел. Котелците во одделните ракописи се разликуваат по својата големина и форма, а различно е и пишувањето на спојницата, којашто е формирана од две црти, коишто излегуваат од котелците и се соединуваат во својот горен дел. Како котелците, така и спојницата најчесто имаат заоблена форма, но во некои од ракописите се среќаваат и нацрти со аглести елементи. Од ваков вид е, на пример, палеографската форма на овој буквен знак во *Клоцовиоӣ зборник*, што може да се толкува како трага од првобитната триаголно аглеста глаголица, а не како преод кон кирилско аглесто глаголичко писмо; особено ако се има предвид дека д-знаци со аглести елементи во нацртот се среќаваат и во *Синајскиоӣ евхолоӣиј*.

Э

Є Е

Шеста буква од составот на глаголичката азбука. Се именува *Ест* (е – 3 лице еднина, сегашно време од глаголот сум). Освен гласот *е*, со неа се означува и бројот 6. Составена е од даговито стебло, отворено кон левата страна, кон коешто, во неговиот горен и долен крај, се додадени по една црта, а во средниот дел – две цртички. Средните цртички по правило се хоризонтални, но крајните две можат да бидат и заоблени, насочени кон внатрешниот дел на буквениот знак. Во постарите палеографски форми на овој буквен знак се додава цртичка и од десната страна на стеблото, којашто често претставува продолжение на една од двете внатрешни цртички. Нацртот на овој буквен знак подоцна се поедноставува, поради што се појавуваат палеографски форми со една средна цртичка, како и форми без цртичка на надворешната страна од стеблото. Е-буквени знаци со една средна цртица се јавуваат повремено во Синајскиот евхологиј, додека во Бојанскиот палимпсест и Охридските листови оваа палеографска варијанта на буквата влегува во редовна употреба.

ж Ж

Седма по ред буква во глаголицата. Се именува *Живѣте* (живејте – заповеден начин, втро лице множина, од глаголот живее). Со неа, освен специфичниот македонски глас ж, кој не постои во византиско-грчкиот јазик, се означува и бројот 7. Буквата личи на отворени ножици и има два дела – горен и долен. Долниот дел е формиран од два котелца, коишто се споени со горна хоризонтална црта, додека горниот дел е составен од две црти, коишто поаѓаат од средината на долниот дел и се шират во насока на горниот дел од редот. Во различните македонски глаголички ракописи буквениот знак за ж има разни форми, коишто меѓусебно се разликуваат по големината и формата на котелците и должината на двете горни црти. Форми со висок горен дел среќаваме во *Синајскиот евхологиј*, *Бојанскиот палимпсест* и во *Македонските листови*, додека форми со кратки рачиња има во текстот на *Синајскиот псалтир*. Во македонските глаголички ракописи поретко можат да се сретнат буквени знаци за ж со одделни појдовни точки на рокчињата (псалтир на Димитар Олтарник) или со појдовна точка лоцирана во десниот крај на долниот дел на буквениот знак.

ѕ S

Осма по ред буква од составот на глаголичката азбука. Се именува *Зело* (многу). Освен специфичниот македонски глас ѕ, со неа се означува и бројот 8. Составена е од два дела – основен, со трапезоидна или триаголна форма, и котелец, којшто стои над основниот дел и е поврзан со него со кратка соединувачка цртица. Основниот дел е поделен на два дела од вертикална или лесно наклонета надесно црта којашто, во поголемиот број случаи, претставува продолжение на соединувачката цртичка. Со исклучок на *Мариинскоѿо евангелие*, во македонските глаголички ракописи се препочита триаголната форма на овој буквен знак, при што само во одделни случаи можат да се забележат извесни заоблувања или елементи од трапезоидниот нацрт на буквата. Што се однесува до котелецот, тој или е одделен од основниот дел на буквениот знак или лежи врз него. Глаголичкото ѕјало се употребува во сите македонски глаголички ракописи, со исклучок на *Синајскиоѿ евхолоѓиј*, во којшто на негово место се употребува обично *з*.

ѕ

33

Деветта буква од составот на глаголичката азбука. Се именува *Земја* (земја). Освен гласот з, со неа се означува и бројот 9. Се состои од елипсовидно крукче, лесно наклонето влево (само во *Охридските листови* наклонот е надесно), со црта во средниот дел, која што продолжува надесно и завршува со котелец. Изгледот на основниот дел од буквата во различните ракописи варира, при што најјасно се издвојуваат две негови форми: едната е од четвртест, а другата од ромбоиден тип. Првата палеографска варијанта се јавува во *Синајскиот псалтир* и *Синајскиот евхологиј*, додека втората е застапена, пред сè, во текстот на Зографското евангелие. Котелецот, обично, стои подалеку од основниот дел на буквениот знак; само во *Мариинското евангелие* и *Македонските глаголски листови* се среќаваат палеографски варијанти, во кои што котелецот е споен со основниот дел од буквениот знак.

Ѵ

Еден од глаголичките буквени знаци за означување на гласот и. Се именува *Иже* (којшто – односна заменка) и има бројна вредност 10 (и во двете старословенски азбуки – глаголицата и кирилицата), поради што се нарекува десетерично *и*; за разлика од другото *и* (и), со коешто во кирилицата се означува бројот 8 и се нарекува осморично *и*. Десетеричното и потекнува од византиската јота, којашто го има за свој прототип феничанското и староеврејското јод. Буквата е составена од два дела – горниот дел е формиран од два котелца, соединети со црта од горната страна и долен дел во вид на триаголник, кој може да биде свртен со врвот нагоре или надолу. Сосем ретко долниот дел наместо триаголна, може да има трапезоидна форма (на пример во *Мариинското евангелие*). Двете варијанти на глаголичкото десетерично *и* се употребуваат единствено во старите глаголички ракописи, додека во хрватската глаголица оваа глаголичка буква се користи само за означување на бројот 10 (до XIV в.), а во некои од постарите хрватски ракописи и како иницијален буквен знак. Се претпоставува дека втората варијанта на овој буквен знак првобитно се употребувала само како втор дел од буквата ери, но подоцна започнала да се употребува и самостојно.

8

НИ

Втор глаголички буквен знак за означување на гласот и. Се наоѓа на единаесетто место во глаголичката азбука. Се именува *Иже* или едноставно само *и*. Има бројно значење 20, за разлика од кирилицата, во којашто со буквата *и* се означува бројот 8, поради што таа се нарекува осморично и. Буквата графички е составена од круг (долен дел на буквениот знак) и триаголник свртен со врвот надолу (горен дел). Во различните ракописи долниот дел може да има трапезна (*Мариинско* и *Асеманово еванг̃елие*), елипсоидна (*Синајски п̃салт̃ир, Зог̃рафско еванг̃елие, Македонски лист̃ови*) или трапезоидна (*Охридски лист̃ови, Клоцов зборник*) форма. Што се однесува до горниот дел, тој скоро секогаш има правилна триаголна форма; само во *Мариинскот̃о* и *Асеманово еванг̃елие* се среќаваат палеографски форми со четвртест изглед на горниот дел од буквата. Во македонските глаголички ракописи овој буквен знак по правило се употребува по консонант.

Ѓ

Дванаесетта буква од составот на глаголичката азбука. Со неа се означува специфичен глас од фонолошкиот систем на јужномакедонските дијалектни говори од времето на светите браќа Кирил и Методиј (послабо или појако палатализирано г). Се именува *Ѓерв* (збор со нејасна етимологија) и има бројна вредност 30. Составена е од два дела: десен, во вид на високо стебло со котелец во горниот крај (ориентиран надесно) и лев – низок графички знак во повеќе палеографски варијанти; најчесто личи на лигатура помеѓу кирилични *л* и *и* или има форма на котелец (на пример во *Охридските листови* и *Клоцовиот зборник*) и сосем ретко има четвртеста форма со отворен долен дел (*Синајски псалтир*). Левиот дел се спојува со десниот директно или со помош на соединувачка цртичка.

КК

Тринаесетта буква во глаголичката азбука. Се именува *Како* (како). Покрај гласот к, со неа се означува и бројот 40. Составена е од горен дел во форма на хоризонтална црта и две кратки цртички, коишто излегуваат од двата краја на хоризонталната црта и одат во спротивни насоки – нагоре и надолу; и долен дел – вертикална црта во левиот дел на буквениот знак. Буквата во различните ракописи има различни палеографски нацрти и со тек на времето ја менува својата форма: десната вертикална црта на горниот дел постепено се удолжува, а цртата од долниот дел се скратува; во некои македонски ракописи, како *Асеманиево евангелие* и *Охридските листови*, таа завршува на точка, додека во хрватската глаголица целосно исчезнува.

ѧ

Л л

Четиринаесетта буква од составот на глаголичката азбука. Се именува *Људие* (луѓе) и има бројна вредност 50. Формирана е од горен и долен дел. Долниот дел е составен од два котелца, поврзани со горна соединувачка црта, додека горниот дел претставува самостоен котелец, кој лежи директно врз долниот дел или со него е поврзан со кратка соединувачка цртичка. Првата палеографска варијанта на овој буквен знак се употребува почесто – присутна е во *Асеманиовото евангелие*, *Мариинското евангелие*, *Македонските листови*, *Клоцовиот зборник* и во *Синајскиот псалтир*, додека втората варијанта е поретка и се среќава во *Зографскотo евангелие* и во *Охридските глаголички листови*.

Ⰿ М

Петнаесетта буква во глаголичката азбука. Се именува *Мислите* (мислите – глагол во сегашно време, 2. лице множина). Освен гласот *м*, со неа се означува и бројот 60. Составена е од две двојки котелци, кои што меѓусебно се поврзани со соединувачки црти. Котелците од долниот дел на буквениот знак се поврзани со две соединувачки цртички, додека котелците од горниот дел се поврзани со една хоризонтална црта. Двата дела на буквата се поврзуваат или директно, или со соединувачка црта. Котелците од долниот дел на буквениот знак, обично, се помали и стојат поблиско еден до друг во однос на котелците од горниот дел на буквата. Во хрватската глаголица овој сложен глаголички буквен знак, од практични причини, мошне рано е заменет со едноставното латинично *м*.

Мм

Петнаесетта буква во глаголичката азбука. Се именува *Мислите* (мислите – глагол во сегашно време, 2 лице множина). Освен гласот *м*, со неа се означувал и бројот 60. Составена е од две двојки котелци, кои меѓусебно се поврзани со соединувачки црти. Котелците од долниот дел на буквениот знак се поврзани со две соединувачки цртички, додека котелците од горниот дел се поврзани со една хоризонтална црта. Двата дела на буквата се поврзуваат или директно, или со соединувачка црта. Котелците на долниот дел на буквениот знак, обично, се помали и лежат поблиско еден до друг во однос на котелците на горниот дел на буквата. Во хрватската глаголица овој словенски глаголички буквен знак, од практични причини, мошне рано е заменет со едноставното латинично *м*.

Н н

Шеснаесетта буква во глаголичката азбука. Се именува *Наш* (наш). Освен гласот *н*, со неа се означува и бројот 70. Составена е од вертикално стебло и котелец, којшто е сместен во горниот дел на буквениот знак и е свртен надесно. Во различните ракописи котелецот има различни форми, но преовладува палеографскиот нацрт со заоблена десна страна. Формите со аглести елементи (триаголни, квадратни, четвртести и сл.) се поретки и се среќаваат, пред сѐ, во *Охридските листови*, *Бојанскиот палимпсест* и во *Клоцовиот зборник*. Варира и големината на котелецот, при што во некои случаи (на пример во *Охридските листови*) тој може да го зафати и целиот редов простор. Од левата страна на стеблото излегуваат две хоризонтални цртички – едната во долниот крај на стеблото, а другата во неговиот среден дел – обично при долниот крај на котелецот.

Э

◊ О

Седмнаесетта буква од составот на глаголичката азбука. Се именува *Он* (тој, оној – показна заменка). Нејзе самогласката о, со неа се означува и бројот 80. Составена е од два котелца, кои што стојат еден над друг и се поврзани со соединувачка црта од десната страна. Спојницата може да биде права (*Зографско евангелие, Синајски евхологиј, Псалтир на Димитар Љубавин*) или заоблена (*Асеманово евангелие, Маријинско евангелие*), вертикална или лесно наклонета надесно (на пример во *Зографскоѿо евангелие* и *Охридскиѿе листови*). Разлики има и во големината на котелците, како и во нивната положба во составот на буквениот знак. Најчесто, тие стојат далеку еден од друг, но има и случаи кога тие се сосем доближени, па дури и допрени (на пример во *Синајскиоѿ йсалѿир*). Постои мислење дека ваквото доближување на котелците е резултат од вертикалното згмечување на глаголичките буквени знаци во подоцнежниот период од развојот на глаголичкото писмо. Овој буквен знак послужил како основа при формирањето на повеќе други глаголички букви – у, омега, еровите (големиот и малиот), ери и ижица.

Ҁ

П П

Осумнаесетта буква во глаголичката азбука. Се именува *Покои* (покој, спокој, спокојство, мир). Покрај гласот *ӣ*, со неа се означува и бројот 90. Формирана е од вертикално стебло и котелец, којшто е поврзан со стеблото со хоризонтална спојница во неговиот горен дел. Стеблото понекогаш може да биде лесно наклонето налево или надесно, додека котелецот во одделните ракописи има различна големина и форма. Неговата форма варира од неправилен круг до неправилен четириаголник и во некои случаи може да го зафати целиот редов простор и да опира до основата на редот. (*Охридските глаголички листови*). Кон стеблото, во неговиот среден дел, се додава украсна хоризонтална цртичка од надворешната страна на буквениот знак. Оваа украсна цртичка во некои глаголички ракописи се испушта. Небележењето на цртичката е особено често во *Синајскиот евхологиј* и во *Охридските глаголички листови*.

Ь

Ҏ Р

Деветнаесетта буква во глаголичката азбука. Се именува *р'ци* (речи, кажи – заповеден начин од старословенскиот глагол решти). Освен гласот р, со неа се означува и бројот 100. Формирана е од вертикално стебло и котелец во неговиот долен десен дел. Во одделните ракописи котелецот може да има различни форми. Најчесто, тој е тркалезен или елипсовиден, но се среќаваат и буквени знаци со триаголен (*Клоцов зборник*, *Синајски евхологиј*) или трапезоиден котелец (*Охридски листови*). Во македонските глаголички ракописи котелецот по правило е издолжен ми широчина така што неговата широчина секогаш ја надминува височината на овој дел од буквениот знак.



С

Дваесетта буква од составот на глаголичката азбука. Се именува *Слово* (збор, слово). Освен гласот *с*, со неа се означува и бројот 200. Има дводелна конструкција. Долниот дел, најчесто, има форма на триаголник свртен со врвот нагоре, но се среќаваат и палеографски варијанти со трапезоиден (*Зографско* и *Мариинско евангелие*) и четвртест или заоблен изглед (*Синајски евхологиј*). Горниот дел има форма на тркалезен или елипсовиден котелец, при што, во некои случаи, неговата горна црта е сплесната и допира до врвот на долниот дел од буквениот знак (на пример, во *Синајскиот псалтир* и во *Охридските глаголички листови*).

ѳ

Т т

Дваесет и прва буква во глаголичката азбука. Се именува *Тврдо* (тврдо, цврсто – прилог и придавка од среден род). Покрај гласот *т*, со неа се означува и бројот 300. Тоа е последниот глаголички буквен лик за којшто е документирана бројна вредност во најстарите споменици. Буквата е составена од два котелца, кои што се поврзани со горна соединувачка црта (стојница). Во различните ракописи котелците варираат по својата форма и големина. Најчесто тие се крупни и имаат заоблен вид, со симетрична или издолжена форма. Разлики има и во оформувањето на двата котелца, при што скоро секогаш левиот е поголем и понекогаш има до извесна степен елипсеста форма, додека десниот е помал и позаоблен.

ѹ У

Дваесет и втора буква во глаголичката азбука. Позната е под името *Ук* (збор со нејасна етимологија). Нејзината бројна вредност не е засведочена во македонските глаголички текстови, додека во хрватската глаголица, па и во кириличните ракописи со неа се означува бројот 400, што упатува на претпоставка дека и во македонската глаголица буквата имала истобројно значење. Формирана е од два о-глаголични знака, напишани еден до друг. Првобитно двата дела на овој буквен знак биле пишувани разделено и биле идентични, но подоцна за да се олесни неговото препознавање како буквен знак за означување на еден глас, двата дела на буквата биле пишувани споено или, пак, биле поврзувани со соединувачка црточка. Се среќаваат и случаи кога вториот дел од буквата е со видоизменета форма или е помал во однос на првиот дел од буквениот знак.

Ф ф

Двесет и трета буква од составот на глаголичката азбука. Се именува *Фрт* (збор со нејасна етимологија). Се претпоставува дека освен гласот ф, со неа се означувал и бројот 500, иако во македонските глаголички споменици нејзиното бројно значење не е документирано. Гласот *ф* не постоел во јужномакедонските говори во времето на светите Кирил и Методиј, поради што го немало ниту во старословенскиот јазик, заснован врз нив. Затоа овој глаголички буквен знак се среќава исклучително ретко во глаголичките текстови и тоа само во зборови од туѓо потекло. Според формата, буквата многу личи на глаголичкото з (ѕ), но со котелци од двете страни. Основниот дел од буквениот знак, најчесто, има четвртеста форма, но се среќаваат и палеографски нацрти со трапезоидна или триаголна форма. Во некои македонски глаголички ракописи (на пример во *Асемановото еванге-ски*) на местото на овој типичен глаголички буквен знак се употребува неговата византиска унцијална варијанта – *ф*, којашто е во редовна употреба и во македонските кирилични ракописи.

Дваесет и четврта буква од составот на глаголичката азбука. Се именува *Тита* и е преземена директно од византиското писмо. Се претпоставува дека не била дел од првобитната Кирилова глаголица и дека во македонските глаголички ракописи се појавува подоцна; најверојатно, по средината на X в. Се употребува во туѓи имиња, обично, на местото на византиско-грчката тита и тоа сосем ретко. Само во *Асемановото евангелие* нејзината употреба е почеста, додека во *Зографското* и во *Мариинското евангелие* се употребува само по еднаш. Само еднаш е употребена и во Охридските листови, но на местото на византиско-грчкото *ф*.

ѡ

Х Х

Дваесет и петта буква од составот на глаголичката азбука. Се именува *Хјар* (хер) збор со нејасно значење. Во глаголичките писмени споменици не е регистрирана со бројна вредност, но се претпоставува дека нејзиното бројно значење било 600, каква што е бројната вредност и на соодветната кирилична буква. Според структурата, таа е мошне слична со буквата *ѓ*, со таа разлика што отсуствува горниот котелец. Формирана е од два дела: горен – наклонето надесно стебло и котелец во неговиот долен крај. Во различните ракописи котелецот е со различна форма: тркалезен нацрт има во *Асемановото евангелие*, до извесна степен елипсовидна е формата на котелецот во Зографското евангелие и македонските глаголички листови, додека котелец со четвртеста форма се среќава во *Мариинското евангелие*. Постои и друг вид глаголичко *х*, кое што се среќава само неколкупати во глаголичките ракописи и има форма на пајак. Ваквото пајаковидно *х* е регистрирано во *Синајскиот псалтир* (трипати) и во *Асемановото евангелие* (само во еден збор).

Ѡ

Дваесет и шеста буква во глаголичката азбука. Се именува *Ѡ҃* (од – предлог). Иако во глаголичките ракописи не е регистрирана со бројна вредност, се претпоставува дека со неа се означува бројот 700. Нејзината фонетска вредност е *о* со широк изговор. По правило се употребува на почетокот од зборовите и поретко по друг вокал. Формирана е врз основа на првиот глаголички знак за *о*, чијашто фигура е затворена од нејзината лева страна со елисовидна соединувачка црта.

Ѫ

ЦІ

Дваесет и седма буква во глаголичката азбука. Се именува *Шта*. Се изговара *шт*, при што не е исклучено, во некои случаи, да се изговарала и *шч*. Се претпоставува дека во македонската глаголица имала бројна вредност 800, бројна вредност каква што има овој глаголички буквен знак во хрватското глаголичко писмо. Буквата е составена од буквениот знак *ш*, кон којшто одоздола е додаден еден котелец. Котелецот, обично, стои во средниот дел на буквениот знак; само во *Охридските глаголички листови* е лоциран во левиот дел на буквата што може да се толкува и како индивидуална особеност во пишувањето на книжевникот што го пишувал овој ракопис. Формата на котелецот, најчесто, е елипсовидна; само во текстот на *Синајскиот псалтир* се среќаваат палеографски нацрти со релативно аглеста форма на котелецот.

ѵ

Ц ц

Дваесет и осма буква во глаголичката азбука. Се нарекува *Ци*. Се смета дека, покрај гласот *ц*, со неа се означувал и бројот 900, иако ваквата бројна вредност во македонските глаголички ракописи не е документирана. Такво бројно значење овој буквен знак има во хрватската глаголица и во старото кирилично писмо. Буквата личи на глаголички в-знак, со таа разлика што има свој лев котелец во својот горен дел. Во различните ракописи се среќава во различни палеографски варијанти: со подолго или пократко лево стебло, со тркалезен котелец (најчесто) или со котелец со аглести елементи, како што е во *Охридските глаголички листови*. Стеблата, најчесто, се поврзуваат во нивниот долен крај – директно или со помош на хоризонтална соединувачка цртичка (сериф).

Ч ч

Дваесет и деветта буква во глаголичката азбука. Се нарекува *Чрв* (црв). Во македонските глаголички ракописи не е документирана со бројна вредност, додека во хрватската глаголица има бројно значење 1000. Има форма на чаша, чијшто внатрешен простор е поделен на три дела од една хоризонтала и една вертикална црта. Под основната хоризонтална црта на буквениот знак има котелец којшто, најчесто, е залепен кон горниот дел на буквата; палеографските варијанти со одделен котелец поврзан со горниот дел од буквата со соединувачка цртичка се ретка појава.

Ш

Ш ш

Триесетта буква од составот на глаголичката азбука. Се именува *Ша*. Во македонските глаголички ракописи не е регистрирана со бројна вредност, додека во хрватската глаголица со неа се означува бројот 2000. Буквениот знак е позајмен од староеврејската азбука, каде што оваа буква има ист нацрт и се нарекува *Шин*. Формирана е од една хоризонтала и две вертикални црти. Од глаголичката азбука овој буквен знак поминал и во старословенската кирилица, па и во современото македонско кирилично писмо.

ⰼ (Ⱋ)

Ъ

Триесет и прва буква во глаголичката азбука. Се именува *Ер* (ѥръ) односно *Голем ер*. Во македонската глаголица, како и во старословенската кирилична азбука, нема бројна вредност, додека во хрватската глаголица со еровите, за коишто се употребува еден буквен знак, се означува бројот 3000. Буквата е формирана или врз основа на знакот за глаголичко *о*, или врз основа на модифициран нацрт на глаголичкиот знак за *и*. Котелците на буквата (горниот и долниот) можат да бидат заоблени или, пак, да имаат до извесна степен аглест нацрт. Во средниот дел на буквата има хоризонтална црта со лева ориентација, којашто завршува со мал котелец.

ЪІ

Триесет и втора буква во глаголичката азбука. Со неа се означува специфичен старословенски глас, сличен по изговорот на денешното руско *ери*. Како буквен знак претставува дифраф, т.е. е составена од два буквени знака. Најчесто, тоа се знакот за голем ер (ъ) и некоја од глаголичките букви, со кои што се бележи гласот *и*. Глаголичкото ери, чијшто прв дел е мал ер, се јавува сосем ретко во македонските глаголички ракописи. Ретко е и лигатурното ери, т.е. такво ери чиишто два дела се поврзани со соединувачка цртичка.

ѣ (Ѣ)

Ь

Триесет и трета буква од составот на глаголичката азбука. Се именува *Ер* (ѥрь), односно *Мал ер*. Како и *Големиот ер*, така и овој буквен знак нема бројно значење во старословенските азбуки, додека во хрватската глаголица го има бројното значење 3000. По форма е слична со глаголичкиот нацрт на големиот ер со таа разлика што хоризонталната црта во нејзиниот среден дел не завршува со котелец, туку со мала вертикална цртичка.

Ѣ

Една од последните букви во глаголичката азбука. Во редоследот на буквите во глаголицата, обично, доаѓа по еровите. Се именува *Јаѣ*, а се изговара *ја*. Нема бројно значење. По својата конструкција може да се поврзе со другите глаголички букви, во чијашто графичка изведба нема котелци (а, б, к, ш). Најчесто има трапезоидна и поретко триаголна форма, при што во внатрешниот дел на соодветната фигура е вграден тристран крст. Во некои македонски глаголички ракописи (на пример, во *Синајскиоѣ мал минеј*) се употребуваат и двете палеографски варијанти на овој буквен знак – трапезоидната и триаголната.

Ѹ
Ю

Глаголичка буква која во редоследот на глаголичката азбука се наоѓа помеѓу јат и јусовите буквени знаци. Има изговор *ју* и се претпоставува дека го носела името *Ужде* (веќе). Во македонската глаголица нема бројно значење, додека во хрватската глаголица со неа се означува бројот 5000. Буквата е формирана од два дела – лев и десен. Левиот дел, најчесто, личи на триаголник свртен со врвот надолу, при што неговата десна страна може да биде и заоблена, како што е, на пример, во Асемановото евангелие. Десниот дел претставува котелец, лоциран во горниот дел на буквениот знак. Двата дела на буквата, обично, се споени, но има и случаи кога тие стојат одделно и меѓусебно се поврзани со кратка соединувачка црта (спојница).

Глаголички знак од групата специфични буквени знаци, со кои што се бележат посебни самогласки со назален призвук, наречени носовки (назали). Овие буквени знаци се познати под името јусови. Со овој буквен знак, обично, се означува т.н. мала нејотирана носовка, која што се изговара *е*^{м}. Истовремено тој претставува ознака за назалност и се додава како втор дел и кон останатите три јусови (Он, Јен и Јон). Како буквен знак за означување на малата носовка се среќава скоро во сите македонски глаголички ракописи, со исклучок на *Синајскиот псалтир* и *Охридските глаголички листови*. Го нема, исто така, во *Киевските* и *Пражките листови*, кои што претставуваат остатоци од глаголички ракописи, поврзани со писмената традиција во Чешко-моравскиот регион. Самата буква е формирана од графички знак во форма на Е, на чијшто грб е додаден мал котелец. Стеблото на е-знакот, обично, е заоблено, но се среќаваат и палеографски нацрти со исправено стебло, каков што е случајот со формата на оваа глаголичка буква во *Охридските листови*.



Буквен знак за втората глаголичка буква од групата на јусовите знаци. Се изговара *оⁿ* и, обично, се нарекува *Голем нејотуван јус*. Со него се бележи големата нејотувана носовка. Буквата е формирана од два дела – лев и десен. Левиот дел го формира знакот за глаголичко *о*, а десниот – знакот за назалната компонента. Се среќаваат разни палеографски варијанти на овој буквен знак – со одделен лев дел, којшто не допира до котелецот, контактна варијанта со соединет лев и десен дел на буквениот знак, како и варијанта при којашто левиот и десниот дел се соединети директно, без посредство на соединувачки котелец.

Трета глаголичка буква од групата на јусовите буквени знаци. Позната е под иминьата *јотиран мал јус* односно *јотирана мала носовка*; се изговара *је*". Формирана е од глаголички знак за буквата *е* (прв дел) и графичката компонента за означување на назалност (втор дел). Во македонските глаголички ракописи преовладува палеографски нацрт со соединувачки котелец, којшто е дел од назалниот индекс, додека упростена палеографска варијанта од контактен тип – без котелец и со директно спојување на двата дела на буквениот знак се среќава поретко. Таква упростена форма на овој глаголички буквен знак се употребува во текстот на *Бојанскиот палимпсест*.

Четврти глаголички буквен знак од групата на јусовите знаци. Обично, се нарекува *Голем јотиран јус* или *Голема јотирана носовка*; се изговара *јо*. Буквата е составена од два дела: знакот за назалната компонента и уште еден графички знак, којшто не се употребува самостојно, а само како прв дел од составот на овој буквен знак. Првиот дел на буквата, најчесто, има форма на симетричен или асиметричен четириаголник; поделен е на два дела и има котелец под својот долен дел. Котелецот, обично, е споен со основниот корпус на буквениот знак. Палеографските варијанти со котелец изделен од корпусот се сосем ретки – се среќаваат само во *Охридските листови* и кај двајца од книжевниците што учествувале во пишувањето на *Синајскиот псалтир*.

ѵ

Ѵ

Последна буква во глаголичката азбука. Се нарекува *Ижица*. Се употребува ретко и тоа, скоро секогаш, во туѓи зборови на местото на византиско-грчкиот ипсилон. Изговорот ѝ зависи од нејзиното место во зборот: ако се наоѓа меѓу согласки, се изговара *и* или *у*, а ако доаѓа по *а* или *е*, во духот на византиско-грчката традиција, се изговара *в*. Во нацртот на овој буквен знак, најчесто, стои глаголичко *о*, чиишто горен и долен котелец се поврзани и од својата лева страна. Кон така формираната фигура, од десна страна, во нејзиниот среден дел, се додава хоризонтална украсна цртичка. Употребата на оваа специфична глаголичка буква е почеста само во *Асемановоѿо еванѓелие*, додека во некои македонски глаголички ракописи (на пример, во *Синајскиоѿ евхолоѓиј*) на нејзино место се употребуваат други буквени знаци.

МАКЕДОНСКИ РАКОПИСИ ПИШУВАНИ СО ГЛАГОЛИЧКО ПИСМО

АСЕМАНОВО ЕВАНГЕЛИЕ

Крај на X или почеток на XI в., перг. 158 л., 230x170 мм. Недостасува крајот од ракописот и еден лист од средниот дел (по л. 49). Дел од текстот е во две колони, а дел во една. Пишувал еден книжевник, со исклучок на 3 колони (29^{c}, 29^{d} и 30^{a}), каде што втор пишувач подоцна ги обновил избришаните или избледени редови од стариот текст.

Писмо: обла глаголица. Глаголичкото писмо на овој македонски ракопис послужило како образец за изработка на печатни букви, со кои што се печатени текстовите на глаголичките ракописи од XIX в. наваму.

Правопис: двоеров кај основниот текст и едноеров кај поновиот, со употреба на 4 јусови знаци. Во јазикот се забележуваат македонски јазични осо-

бености – вокализација на еровите, мешање на носовките и сл.

Содржина: изборно евангелие со месецослов. Во месецословот се одбележани и некои македонски светци, меѓу кои се и светите Кирил и Методиј, св. Климент Охридски и струмичките свештеномаченици Тимотеј, Теодор и Евсевиј. Св. Климент е именуван како „епископ Велички", а е наведена и годината на неговата смрт – 916.

Орнаментика: заставици и иницијали.

Записи: глаголички и кирилични. Некои од нив се од раката на пишувачот на основниот текст.

Евангелието е пишувано во книжевен центар на Охридската книжевна школа. Подоцна (околу XIV в.) е однесено во Светата земја, каде што е пронајдено во 1736 год. во Ерусалим од католичкиот деец од маронитско потекло Јосиф Асемани, кој бил главен библиотекар на Ватиканската библиотека.

Се чува во Ватиканската библиотека под сигнатура cod. slav. 3.

ЗОГРАФСКО ЕВАНГЕЛИЕ

Крај на X или почеток на XI в., перг. 304 л., 180x125 мм. Кон првобитниот текст (272 л.) во XII в. на местото на изгубени листови, се додадени нови листови (16) испишани со глаголичко писмо, а на крајот од ракописот во XIII в. е додаден синаксар, пишуван со кирилица. Вториот глаголички дел од ракописот е пишуван врз пергаментни листови од коишто претходно е избришан глаголички текст од X век. Недостасува почетниот дел од ракописот и неколку листа од внатрешниот дел на евангелието. Пишувале двајца глаголаши – едниот од нив го пишувал основниот дел од ракописот, а другиот – додадениот палимпсестов дел, и двајца кириловци – едниот го пишувал синаксарот, а другиот – кириличните записи во глаголичкиот дел на ракописот. Од нив е познато само името на пишувачот на синаксарот – Јоан ереј.

Писмо: обла глаголица. Аглести форми има кај поновиот глаголички текст, а глаголица од висечки тип – кај избришаниот текст од палимпсестовиот дел на ракописот.

Архаичен правопис со разделно пишување на ук, употреба на дограф шт и ретка вокализација на еровите.

Содржина: четвороевангелие со синаксар. Евангелието го опфаќа текстот од Матеј 3,11 до крајот на евангелието според Јован.

Орнаментика: заставици и концовки во геометриски стил и плетени иницијали. Минијатура на апостолите Петар и Павле и уште неколку невешти цртежи. Повезот е нов (XIX в.) – имитација на окована подврзија од XIV в. на грчки ракописен зборник од светогорскиот манастир „Пантократор".

Кирилични записи од XII-XIII в. Записот на Јоан ереј е на л. 288[6].

Ракописот е откриен во Зографскиот манастир во 1843 год. од австрискиот конзул во Солун Антун Михановиќ. Во 1860 год. зографското монашко братство му го подарило на рускиот цар Александар Втори, кој го предал во Руската национална библиотека во С. Петербург, каде што и денес се чува под сигнатура Глаг. 1.

МАРИИНСКО ЕВАНГЕЛИЕ

Крај на X или почеток на XI в. перг. 173 л. 212-215 x 172-180 мм. Без почеток и крај. Има 23 кватерниони, при што од првиот се зачувани само два листа (оние во Виена), додека рускиот дел од ракописот ги содржи следните 22 кватерниона. Целосно се зачувани кватернионите од 2 до 21, од 22-от кватернион недостасува 1 лист и од 23-от 4 листа, л. 134 од московскиот дел на ракописот е изгубен и на негово место во XIV в. е додаден лист напишан со кирилица.

Писмо: обла глаголица од македонски тип (Охридска книжевна школа).

Правопис со четири носовки. Јотувана мала носовка – во иницијална и поствокалска позиција. Село се употребува на своето етимолошко место. Паралелна употреба на лигатурно и дифрафно шт, при што второто преовладува, особено во вториот дел од ракописот. Присутна е вокализација на еровите од македонски тип (замена на големиот ер со *о* и на малиот – со *е*), како и деназализација (замена на големата носовка со чисти вокали – *о* и *оу*). Регистрирана

е архаична лексика, наследена од првобитниот кирилометодиевски превод на евангелскиот текст.

Содржина: првобитниот текст на ракописот го содржел полниот текст на четирите евангелија. Сега недостасуваат делови од евангелието според Матеј (1-5,23) и Јован (18,14-29 и 21,17-25). Виенските листови содржат дел од евангелието според Матеј (5,23-6,16).

Орнаментика: заставици, иницијали и концовки-плетенки, со флорални елементи. Минијатури на евангелистите Марко, Лука и Јован.

Записи: повеќето кирилични, но најчесто со типикарска содржина.

Ракописот е откриен во 1845 год. од В. Григорович во скитот „Св. Дева Марија" на Света Гора. Евангелието го добило своето име – Мариинско евангелие според местото на неговото наоѓање.

Основниот дел од ракописот (171 л.) се чува во Руската државна библиотека во Москва, во збирката на Григорович под сигн. Григ.6/Муз. 1689, а 2 листа има во Австриската национална библиотека во Виена (Cod.slav.146). Овие листови уште пред 1845 год. се наоѓале во збирката на Антун Михановиќ, кој подоцна му ги подарил на Фр. Миклошич. Овие два листа се последни од првиот кватернион на ракописот.

СИНАЈСКИ ПСАЛТИР

Крај на X или почеток на XI в., перг. 209 л., 151x155 мм. Првобитниот кодекс содржел околу 216 листови. По л. 81 недостасува еден лист, кој содржел дел од текстот на пс. 67 (ст. 19-36). Пишувале неколку книжевници.

Писмо: обла глаголица со аглести елементи. Повеќето од пишувачите употребуваат висечко глаголичко писмо од архаичен тип. Кај еден од пишувачите се јавува знак за означување на мекиот изговор на некои палатални консонанти.

Во правописот е присутна вокализација на еровите од македонски тип (ъ>о, ь>е). Има случаи на деназализација, како и замена на носовките карактеристична за писмената традиција на книжевни центри на Охридската книжевна школа (особено ѧ>ж по ч).

Ракописот претставува најстар зачуван препис на Кирилометодиевскиот превод на псалтирот и го содржи полниот текст на оваа старозаветна библиска книга, вклучително и неканонскиот 151 псалм. По текстот на псалмите, се поместени, покрај традицио-

налните девет библиски песни, уште пет библиски песни, преземени од грчкиот превод на 70-тa (Септуагинта), при што 11 се од текстот на Стариот завет и три од текстот на Новиот завет (од евангелието според Лука). По библиските песни, доаѓа Господовата молитва „Оче наш" – еден од најстарите преписи на кирилометодиевскиот превод на молитвата, и дел од почеток на вечерна богослужба според византиската богослужбена традиција.

Орнаментиката е скромна – иницијали и неколку цртежи, во жолта, портокалова и зелена боја.

На л. 23 е зачуван запис на еден од пишувачите на ракописот – Ѳома Лоукаварь.

Основниот дел на ракописот (177 л.) е откриен од Порфириј Успенски во 1850 год. во библиотеката на Синајскиот манастир „Св. Катерина", додека помал фрагмент од псалтирот (32 л.) откри во 1975 год. израелскиот палеославист Моше Алтбауер во криптата на црквата „Св. Ѓорги" во истиот манастир.

Ракописот се чува во библиотеката на Синајскиот манастир под сигнатура Cod. slav. 38 (177 л.) и № 2/N (32 л.).



СИНАЈСКИ ЕВХОЛОГИЈ

Крај на X или почеток на XI в. перг. 137 л. Првобитниот кодекс имал околу 300 листа. Изгубен е голем дел од ракописот, при што недостасуваат листови од почетокот, средината и крајот. Пишувал еден книжевник.

Писмо: архаична ситна обла глаголица со аглести елементи во палеографските форми на одделни буквени знаци.

Правопис со четири носовки, при што големата јотирана носовка доаѓа по меки консонанти. Се употребува само з, без ѕело. Присутна е вокализација на еровите од македонски тип (ъ>о, ь>є). Има граматички и лексички моравизми.

Ракописот е составен во Македонија, во кругот на Охридската книжевна школа, врз основа на стар кирилометодиевски протограф. Содржи служебник, требник и епитимијник, како и оригинални словенски литературни дела (Поучение пред исповед и Отпусна молитва), коишто се поврзуваат со литературното дело на св. Климент Охридски. Епитимијникот ги содржи т.н. Заповеди на св. отци, во кои се дадени

правила за однесувањето на христијаните и казните за нивното нарушување.

Орнаментиката е скромна: иницијали од геометриски тип со плетени и флорални елементи; буквените знаци од насловите, исто така, се со скромни геометриски плетени украсни елементи.

Основниот дел од ракописот е откриен од Порфириј Успенски во Синајскиот манастир во 1850 год. Во 1975 год. Моше Алтбауер во истиот манастир откри нови 28 листа од ракопсиот. Четири листа од ракописот се однесени од руски истражувачи (П. Успенски, Н. М. Крилов и Н. П. Кондаков) во С. Петербург, каде што денес се наоѓаат во ракописните збирки на Руската национална библиотека и Библиотеката на Академијата на науките.

Денес делови од овој македонски ракопис се чуваат во Синајскиот манастир: Slav. ms 37 (105 л.) и № 1/N (28 л.), и во С. Петербург: Руска национална библиотека, збирка на П. Успенски Глаг. 2 (2 л.) и збирка на Н. П. Кондаков Глаг. 3 (1 л.) и во Библиотеката на Руската академија на науките, збирка на Срезневски № 19/24.4.8 (1 л.).

КЛОЦОВ ЗБОРНИК

Крај на X или почеток на XI в., перг: 14 л., 270x205 мм. Првобитниот кодекс имал на 500 листа (зачуван е 62-от кватернион, што значи пред него имало 61 кватернион). Листовите 1, 4 и 7 се оштетени и тешко читливи.

Писмо: висечка обла глаголица со аглести форми во палеографските нацрти на некои од буквените знаци.

Правописните и јазичните особености на зборникот упатуваат на поврзаност со македонското јазично подрачје. Притоа, имајќи го предвид присуството на фонетски и лексички моравизми, може да се заклучи дека ракописот е пишуван во книжевен центар на Охридската книжевна школа врз основа на предлошка, чијшто архетип настанал во Велика Моравија во времето на мисијата на св. Кирил и Методиј.

Зачуваниот дел од ракописот содржи пет слова: две од св. Јован Златоуст – Слово за Цветници (без почеток и крај) и Слово за Велики четврток, по едно од св. Атанасиј Александриски (слово за Велики пе-

ток) и св. Епифаниј Кипарски (Слово за слегувањето на Исус Христос во пеколот) и една анонимна нетреводна хомилија, којашто се поврзува со литературното дело на св. Методиј.

Во ракописот е зачуван опширен запис на латински јазик од 1500 год., во којшто се опишува историјатот на зборникот.

Поголемиот дел од ракописот (12 л.) бил сопственост на австрискиот гроф Парис Клоц, поради што во науката е познат под името Клоцов зборник. Другите два листа биле сопственост на барон А. ди Паули. Сега делот на Парис Клоц се чува во музејот на италијанскиот град Тридент под № 2476, додека двата листа на Ди Паули се наоѓаат во музејот „Фердинандеум" во градот Инсбрук (Австрија) под сигн. Dip 973.



ОХРИДСКИ ГЛАГОЛИЧКИ ЛИСТОВИ

Крај на X или почеток на XI в., перг. 2 л. (еден цел и една лева половина од лист). Листовите се оштетени и тешко читливи. Формат 195x169 и 197x107 мм. Фрагментот е пишуван од еден од книжевниците што учествувале во пишувањето на Синајскиот псалтир.

Писмо: архаична висечка глаголица со преодни форми кон облиот тип македонско глаголичко писмо.

Правопис и јазик мошне старински. Има вокализација на малиот ер, додека вокализација на големиот ер не се среќава, што може да се објасни со малиот обем на текстот. Носовките стојат на своето етимолошко место. Блискоста со Асемановото евангелие се објаснува со можен општ протограф за двата ракописа.

Фрагментот содржи дел од првиот кватернион на изборно евангелие, со делови од евангелието според Лука (24,19-35) и Јован (1,35-42; 3,30-33; 20,19-31; 2,1-7). Четивата се наменети за вторник, среда и сабота од Светлата недела, за првата недела

по Велигден и за понеделникот од втората недела по Велигден.

Од орнаментиката е зачуван иницијал С на л.2.

Листовите се откриени во 1845 год. во Охрид од Виктор Григорович. До 1865 год. се наоѓале во приватната збирка на Григорович. Во таа година тој ги подарил листовите, со уште 59 ракописи од неговата збирка, на новооснованиот универзитет во Одеса.

Се чуваат во Државната библиотека во Одеса под бр. №1/2 (532).



МАКЕДОНСКИ ГЛАГОЛИЧКИ ЛИСТОВИ

Крај на X или почеток на XI в., перг. 4 листа, 6 исечоци од листови и два отпечатока од текст врз штиците од повезот на зборникот „Андријанти" (едниот од отпечатоците е од Григоровичевиот лист). Формат 267x185, 277x150 и 270x148 мм (за листовите). Пишувал еден книжевник; текст во две колони.

Писмо: обла глаголица, мошне специфична според некои од палеографските нацрти на глаголичките буквени знаци, коишто не се среќаваат во другите македонски глаголички ракописи. По своите палеографски особености глаголичкото писмо на Македонските листови стои најблиско до Асемановото евангелие и Охридските глаголички листови. Се употребува село; се среќава само лигатурно шт (без неговата диграфна варијанта), ук е без попречна цртица, додека „дзъ" е со ниско спуштени серифи.

Јазикот и правописот се архаични. Не се забележува мешање на носовките; употребата на малата носовка е регулирана на тој начин што нејотираната варијанта се употребува по консонанти, а јотираната – во иницијална и поствокалска позиција. Се употре-

буваат повеќе надредни знаци – спиритуси, акценти и знак за означување на палаталноста кај консонантите. Некои од надредните знаци, најверојатно, имаат функција за означување на јотација. За интерпункција се употребува средна точка. Постојат специфичности и во областа на лексиката.

Фрагментите содржат делови од Паренезисот на св. Ефрем Сирин, што значи дека во нив делумно е зачуван најстариот препис од словенскиот превод на паренезисот. Идентификувани се и некои великопосни молитви, меѓу коишто се наоѓа и една исповедна молитва, за којашто не е најден грчки паралелен текст и се смета за оригинално словенско литературно дело.

Од орнаментиката на ракописот се зачувани четири иницијали, изработени со жолта боја и киновар.

Врз еден од фрагментот што се наоѓаат во С. Петербург се регистрирани музички записи, чиишто палеографски особености јасно укажуваат дека се пишувани во монашката заедница на Жеглиговскиот манастир, каде што работел Владислав Граматик. Имено, во овој македонски манастир е подврзан Владиславовиот зборник „Андријанти" и тука во подврзијата на овој ракопис се вметнати глаголичките листови. Од една страна, нема податок за преподврзување на ракописот во Рилскиот манастир, а од друга

страна, музичките записи врз т.н. Григоровичев лист се пишувани во манастирот во Матејче во XV в. и се мошне слични со музичките знаци на Жеглиговската музичка антологија на монахот доместик Исаија.

Листовите се откриени во подврзијата на зборникот „Андријанти", пишуван во манастирот Матејче во 1473 год. од Владислав Граматик, и кој, најверојатно, самиот Вл. Граматик го однел во Рилскиот манастир. Еден лист и еден исечок од лист од овој македонски ракопис нашол В. Григорович во Рилскиот манастир во 1845 год. Во 1880 год. К. Иречек во истиот Владиславов зборник регистрирал уште еден исечок од лист и два отпечатока од глаголички текст врз штиците од повезот на ракописот. Последните два листа и еден исечок од лист пронашол Јордан Иванов во повезот на зборникот во 1936 год. Се смета дека еден од отпечатоците врз штиците од повезот на Владиславовите „Андријанти" му припаѓа на листот што го однел В. Григорович во Русија. Тој лист е познат и како Григоровичев лист, додека Македонските глаголички листови како целина се спомнуваат и како Рилски глаголички листови, според местото на нивното наоѓање.

Денес два листа и еден исечок од лист од овој ракопис се чуваат во библиотеката на Руската академија на науките во С. Петербург под № 24.4.15 (Срезн. 62), а останатиот дел се наоѓа во библиотеката на Рилскиот манастир под № 3/6 (14).



СИНАЈСКИ МИСАЛ

Крај на X или почеток на XI в., перг. 80 л., 140x100 мм. Мошне оштетен, особено првите 12 и последните 10 листа, коишто се целосно нечитливи. Пишувале двајца книжевници. Писмото кај едниот од нив е скоро идентично со писмото на Синајскиот евхологиј, поради што не е исклучено овие македонски глаголички ракописи да се пишувани од ист книжевник.

Писмо: архаична обла глаголица.

Јазичните и правописните особености на ракописот упатуваат на тоа дека е пишуван во книжевен центар на Охридската школа, но самиот мисал е составен во Велика Моравија и е поврзан со мисионерската дејност на св. браќа Кирил и Методиј кај Западните Словени.

Мисалот содржи „профации" за апостолот Андреј, за Рождество на св. Јован Крстител, Велигден и Педесетница, за св. Григориј, молитви кон ангелите, св. Јован Претеча и др.

Откриен е во 1975 год. од израелскиот палеославист Моше Алтбауер во криптата на црквата „Св. Ѓорги" во Синајскиот манастир.

Се чува во библиотеката на Синајскиот манастир под сигнатура № 5/N.



ПСАЛТИР НА ДИМИТАР ОЛТАРНИК

X-XI в., перг. 145 л., 135x110 мм. Пишувале двајца книжевници: првиот ги пишувал листовите 1б-2^{а}, 3^{а}, 35^{б}-141^{б}, 142^{а}-145^{б}, а вториот – останатиот дел од ракописот.

Писмо: висечка обла глаголица, при што кај вториот пишувач облите нацрти се појасно изразени.

Правописот е едноеров со употреба на четири носовки. Кај првиот пишувач за *и* се употребува само ѫ, додека кај вториот пишувач скоро секогаш се употребува буквениот знак ѯ, додека иже се употребува во иницијална позиција и во уште неколку инцидентни случаи. Паралелно се употребуваат и двата знака за шт – лигатурната и диграфната варијанта. Се среќава употреба на кирилични буквени знаци, особено во насловите. Вокализацијата на еровите е мошне честа појава, што јасно го поврзува овој ракопис со западномакедонското јазично подрачје и Охридската книжевна школа.

Ракописот го содржи комплетниот текст на псалтирот. Врз празните страници се испишани неколку грчки, латински и глаголички абецедари,

апокрифни молитви и лекарственик (141[а]-141[б]) под наслов „Врачба Козмина“. Овој најстар лекарственик е битен за проучувањето на историјата на медицината и на медицинската терминологија кај нас во ова далечно минато.

Скромна орнаментика. Повез – стар, оригинален.

Записи на л. 1а: едниот е на Димитар Олтарник, а другиот претставува запис-молитва, во којшто се споменуваат св. Димитар Солунски и градот Солун. Тоа ги тера некои автори да искажуваат претпоставка дека ракописот е пишуван во скрипторски центар во близина на Солун, или во близина на храм посветен на св. Димитар Солунски.

Ракописот е откриен од израелскиот славист Моше Алтбауер, со други глаголички ракописи, во криптата на црквата „Св. Ѓорги“ во Синајскиот манастир.

Се чува во библиотеката на Синајскиот манастир под № 3/N.

БОЈАНСКИ ПАЛИМПСЕСТ

Втора половина на XI в., пергамент, 42 листа.

Писмо: глаголица, во којашто има паралелна употреба на архаични и на понови палеографски форми на одделни буквени знаци. Архаичен е нацртот кај ⰼ, ⱎ и ⰾ, додека глаголички форми од понов тип наоѓаме кај големата носовка и кај јотираните варијанти на двете носовки, коишто се пишуваат без соединувачко крукче; кај лигатурното ери, а понов е палеографскиот нацрт и на буквата ук. За одбележување е и редовната употреба на лигатурното щ, наместо неговата диграфска варијанта, кај ери имаме како комбинација голем ер со десетеричното ї, така и комбинацијата на ерот со осморично и и сл.

Правописот е едноеров (само голем ер) со употреба на четирите носовки. Притоа, носовките не стојат секогаш на своето етимолошко место; вокализацијата на еровите (ъ>о, ь>е) е честа појава, што јасно зборува за поврзаноста на палимпсестот со книжевен центар во западниот дел на Македонија. Повеќе карактеристични особености се регистрирани и на морфолошко ниво, иако текстот на ракописот сè уште не е целосно дешифриран и проучен.

Содржина: апракосно евангелие.

Палимпсестовиот глаголички текст е зачуван како долен пласт врз 42 листа од Бојанското евангелие, македонски кириличен ракопис од крајот на XII в. Од овие листови само 26 страници се делумно прочитани и објавени од бугарскиот палеославист Иван Добрев. Обиди за дешифрација на овој палимпсест прави уште во 1852 год. П. Шафарик, а В. Јагиќ во третиот том од Енциклопедијата за словенска филологија (1911 год.) го објавува текстот на две дешифрирани страници од палимпсестот.

Целиот ракопис се чува во Руската државна библиотека во Москва, во збирката на Григорович под сигнатура № 8/М. 1690.

СИНАЈСКИ ПАЛИМПСЕСТ

Втора половина на XI в., пергамент 1 л. Листот претставува дел од македонски глаголички ракопис чијшто текст во XII в. е иструган и на негово место бил напишан кириличен јусов текст од јужнословенски тип со богослужбена содржина (прокимен, стихира и алелуариј). Листот е вметнат во средниот дел на конволутен кодекс од XIII-XIV в. како 45-ти лист од ракописот.

Писмо: јусова едноерова глаголица.

Во правописот се присутни архаични и понови ортографски особености: употреба на три графиски знаци за *и*, само лигатурно щ (диграфната варијанта не се среќава), ери – комбинација од голем ер и осморично и и сл. Носовките, најчесто, стојат на своето етимолошко место; само по ч и ц ѧ се заменува со ѫ.

Содржина: дел од изборно евангелие. Зачуваниот текст е од евангелието според Матеј (13, 24-30, 36-43, 41-42) и од евангелието според Марко (5, 24-34).

Палимпсестот е откриен во 1971 год. во Синајскиот манастир од палеославистите Хорас Ланг и Моше Алтбауер.

Целиот кодекс (81 л.), чијшто составен дел е и Синајскиот палимпсестов фрагмент, се чува во Синајскиот манастир под сигнатура Sin. Slav. № 39.

ЗОГРАФСКИ ПАЛИМПСЕСТ

Крај на XI в., пергамент, 16 листа.

Писмо: обла македонска глаголица од висечки тип. Висечкото глаголичко и кириличко писмо се јавува во повеќе стари македонски ракописи, како што се Синајскиот псалтир, Клоцовиот зборник, Охридските листови и Листовите на Ундолски.

Правописот е двоеров и двојусов. Има само нејотирани носовки, при што за означување на малата носовка се употребува знакот **Ѣ**, којшто во други македонски глаголички ракописи (Асеманово, Зографско и Мариинско евангелие) се употребува за означување на малата носовка по консонанти.

Содржи делови од Евангелието според Матеј.

Палимпсестот претставува дел од Зографското евангелие, од коешто во почетокот на XII в. биле изгубени два кватерниона со текст од Евангелието според Матеј. На местото на изгубените листови биле вметнати листови од постар глаголички ракопис, кој исто така, содржел текст од Евангелието според Матеј. Постариот глаголички текст бил иструган и на негово место вториот од пишувачите на Зографското

евангелие одново го напишал изгубениот евангелски текст. Под тој нов глаголички текст се наоѓа стариот глаголички евангелски текст – текстот на Зографскиот палимпсест. Бугарскиот палеославист Иван Добрев успеа да дешифрира 6 страници од палимпсестот со делови од Евангелието според Матеј (18,3-9; 20, 27-34; 21, 1-2, 11-25; 24,6-13).

Комплетниот кодекс на Зографското евангелие, чијшто составен дел е и Зографскиот палимпсест, се чува во Руската национална библиотека во С. Петербург под сигнатура Глаг. 1.

ЛАНТОВ ПАЛИМПСЕСТ

Крај на XI в., пергамент 8 л. 190x135 мм. Новиот текст на палимпсестот е кирилски (јусов) од XIII в. Тој ги зафаќа листовите од двете страни, додека стар глаголички текст (долниот слој) има само врз едната страна од пергаментните листови.

Писмо: доцна македонска глаголица, во којашто преовладуваат облите форми и којашто е слична со глаголичкото писмо во Бојанскиот палимпсест, додадената страница на Киевските листови, доцната глаголица во Асемановото и Зографското евангелие и глаголичките фрагменти во Охридскиот апостол. Во глаголичкиот текст повремено се јавуваат и кирилични буквени знаци. Ери претставува комбинација од голем ер и осморично и.

Правопис: едноеров – се употребува само големиот ер (малиот ер се јавува исклучително ретко). Се употребуваат три носовки – кај малата носовка се употребува само нејотираната варијанта, а кај големата носовка се употребуваат и двете варијанти. Носовките, притоа, се употребуваат на своето етимолошко место (нема мешање односно замена

на носовките); регистриран е само еден случај кога на местото на јотирана мала носовка доаѓа јотирана голема носовка. Јотираниот голем јус се употребува само во поствокалска позиција. Вокализацијата на еровите е честа појава.

Содржина: фрагментот содржи дел од октоих – 59 целосни и 8 нецелосни тропари од канони.

Палимпсестовите листови се пронајдени од К. Тишендорф во 1859 год. во Синајскиот манастир и однесени во Русија. Глаголичкиот текст е откриен и објавен од американскиот палеославист Хорас Лант, поради што ракописот го добил името Лантов палимпсест. Познат е и под имињата Лантов октоих, Ленинградски октоих и Ленинградски палимпсест. Основниот дел од ракописот и денес се чува во библиотеката на Синајскиот манстир под № 34.

Се чува во Руската национална библиотека во С. Петербург под сигнатура Q. П.I. 64.

СИНАЈСКИ МАЛ МИНЕЈ

XI–XII в., пергамент 2 оштетени листа, 150x115 мм.

Писмо: заоблена глаголица. Има архаични палеографски форми кај некои од глаголичките буквени знаци. Јат се среќава како во триаголната, така и во трапезоидната форма. Се употребува село.

Во правописот можат да се изделат два ортографски пласта: правопис со четири јуса и надредни знаци над самогласки во интервокална позиција и едноеров правопис со четири јуса, но без надредни знаци. Во јазикот на ракописот се присутни македонски јазични особености – вокализација на еровите (ъ>о, ь>е), деназализација (ѧ>ѣ, є) и сл.

Фрагментот содржи дел од служба на св. Јован Крстител (24 јуни) и канон за св. апостоли Петар и Павле (29 јуни).

Откриен во 1975 год. од израелскиот палеославист Моше Алтбауер во криптата на црквата „Св. Ѓорги" во Синајскиот манастир „Св. Катерина".

Се чува во библиотеката на Синајскиот манастир под сигнатура № 4/N.

ХЛУДОВСКИ ПАЛИМПСЕСТ

Крај на XI или почеток на XII в., пергамент 7 л. Палимпсестовите листови се вметнати во македонски кириличен службеник, пишуван кон крајот на XIII в. (по 1282 год.) во македонски крај кој веќе бил под власта на српскиот крал Стефан Урош II Милутин. Палимпсестот ги зафаќа лл. 8-14 од службеникот.

Писмо: обла македонска глаголица, слична со глаголичкото писмо на Синајскиот псалтир и Псалтирот на Димитар Олтарник.

Содржина: празничен минеј со дел од службата за Рождество Христово.

Орнаментика: мали иницијали.

Целиот ракопис, чијшто составен дел е Хлудовскиот палимпсест, претставува конволут, составен од службеник (крај на XIII и крај на XIV – почеток на XV в.) и изборен апостол со евангелие (почеток на XIV в.). Пронајден е во Македонија од Ал. Гилфердинг во 1868 год. и однесен во Русија.

Се чува во Државниот историски музеј во Москва, во збирката на Хлудов под бр. 117.

СОДРЖИНА

Македонската глаголица – етика и естетика на азбуката (К. Ќулавкова) I

За македонската глаголица 3

Глаголички буквени знаци 11

Македонски ракописи пишувани со глаголичко писмо 51